**СООПШТЕНИЕ**

за државна матура за редовни и вонредни ученици од завршните години во учебната 2020/2021 година

Согласно Измените во Концепцијата за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование државната матура во учебната 2020/2021 година се состои од:

- 2 екстерни испити;
- 2 интерни испити;
- проектна задача.

***Екстерни предмети***

- Задолжителен предмет- македонски јазик и литература
- Прв изборен предмет- се избира англиски јазик или математика

***Интерни предмети***

- Втор изборен предмет од Листа на наставни предмети за изборниот дел на државната матура во средно стручно образование
- Математика
- Странски јазик (англиски, француски, германски и руски)
- Физика
- Хемија
- Биологија
- Бизнис
- Историја

- Трет изборен предмет од Листа на стручни наставни предмети за изборниот дел на државната матура во стручно образование

Образовен профил: електротехничар за електроника и телекомуникации

- Дигитална електроника и микропроцесори
- Електронски склопови и уреди
- Телекомуникациски склопови и уреди

Образовен профил: електротехничар за компјутерска техника и автоматика

- Автоматика

- Програмирање
- Дигитални системи

## <u>НАПОМЕНА</u>

Со новото пријавување се опфатени **само** учениците (редовни и вонредни) кои во законскиот рок се пријавиле да полагаат државна матура, односно до 31 декември 2020 година. Тие ќе треба да направат ново пријавување, без разлика дали ќе полагаат во јунскиот или августовскиот испитен рок.

**Проектни задачи**

- Кандидатите за државна матура и завршен испит проектните задачи треба да ги предадат најдоцна до 09.03.2021 година. Истите треба да ги испратат на мејл кај менторот, а менторот да ги проследи до комисијата за одбрана на проектна задача.
  Ученикот САМО ЕДНА проектна задача во печатена верзија треба да достави до класниот раководител, а класниот раководител откако ќе ги собере сите проектни задачи во хартиена форма треба да ги достави за архивирање.